**ПРОГРАМА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КУЧИЊА СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2025 ГОДИНА**

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година**

## 1. ВОВЕД

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени.

Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани едники, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општините во Република Северна Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи:

***2.1. Принципи на континуитет*** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

***2.2. Универзален принцип*** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни, неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како напуштање и занемарување, проблеми кои се во голема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. Воедно е неопходно да се изврши измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Крива Паланка со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици;
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под содветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина;
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница; и
- Ќе се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општината Крива Паланка во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законските обврски на сопствениците на миленици, преку едукативна кампања.

***2.3. Принцип на одржливост*** – Програматавоспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

***2.4. Принцип на соработка*** – Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и здруженијата за заштита на животните.

## 3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

***3.1. Цели*** – Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица; и

2) комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатности и потешки последици за граѓаните и самите животни.

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превентираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите со каснување опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на терен при што се изклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција и други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственииштво и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати" е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучињата од страна на нивнисте сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување, чиповање и регистрација на сопственици на кучиња, едукација на сопствениците, казнување на неодговорните сопственици).

Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Крива Паланка подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- социјализација на животните;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;

- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

### 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот престставува првата процедуракоја е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањете, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги трауматизира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура. Лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето. Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните. Униформите и возилото се видно обележани.

### 4.2. Стационар и медицински третман

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде треба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација, дехелминтизација, вакцинација, обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината.

За да постои центар за привремен престој на животните или прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за техничките услови за прифатилишта, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во општината, опремен со содветни простории за медицински третман, како и кафези – боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехелментизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се

евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животните. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да се оценува само ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животните, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивни надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).

Секое заловено кучездравствено се третира, се врши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација , согласно со прописите од областа на ветеринарното, по што истите се вдомуваат или се враќаат во реонот каде биле заловени. Тие треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај да бездомните кучиња бидат вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Во случај кога се работи за опасно куче се спроведува тест за социјализација за утврдување на агресивноста. Доколку се утврди дека кучето не е агресивно, по спроведување на мерките согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,тоа се нуди за вдомување или се еутанизира во случај кога се исцрпени сите можности за вдомување но не подоцна од 30 дена сметано од денот кога е спроведен тестот за социјализација. Доколу се утврди дека кучето е агресивно, кучето се еутанизира. Постапката се спроведува од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор.

Исто така, секое заловено куче ќе биде испитано на болеста Лајшманиоза. Испитувањето на болеста Лајшманиоза се прави пред да се извршат други превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод. Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутанизираат веднаш. Постапката ќе биде спроведено од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор.

### 4.3. Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизацијата е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил проблемот со напуштените кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат,

се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

### 4.4. Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените животни. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

### 4.5. Еутаназија

Еутаназијата е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот со напуштените животни на долгорочно ниво и препорачано од страна на Светската Здравствена Организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени и кога е невозможно да се елиминира болката. Во тој контекст, а во рамки на оваа програма, еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин  на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случај кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутанизирани животни. Еутанизираните животни се отстрануваат согласно законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенцијамеѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни истарателите на бездомни животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите) како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;

- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни животни;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријават малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

Од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор е потребно податоците за сите заловени кучиња скитници во 2025 година, како и постапката и третманот за истите, да бидат евидентирани во Информационен систем на Агенција за хранаи ветеринарство.

## 6. ПРОЦЕНКА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА КУЧИЊА

Направена е проценка на популацијата на кучиња скитници за 2025 година и истата опафаќа:

- проценетата бројка на кучиња скитници во урбаниот дел на општината изнесува околу 30 кучиња;
- проценетата бројка на кучиња скитници во околните населени места изнесува околу 50 кучиња, со најголем процент во селата Конопница, Мождивњак, Узем и Жедилово.

Заловувањето ќе се врши во урбаниот дел на општината, како и во руралните населени места, првенствено во селата Конопница, Мождивњак, Узем и Жедилово каде застапеноста на кучиња скитници е најголема. Исто така заловување на кучиња скитници ќе се организира и по пријави на граѓани.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање изнесуваат 1.000.000,00 денари.

Потребните средства се предвидени за заловување и третирање на околу 80 кучиња скитници на територијата на општина Крива Паланка, и тоа во урбаниот дел на општината како и во руралните подрачја на општината.

Плаќањето на избереиот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 8. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка. Контролата на популацијата (извршител на програмата) ќе биде

прифатилиште за кучиња кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство, а истото ќе биде избрано по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи.Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Крива Паланка.

## 9. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се спроведува на целата територија на општина Крива Паланка (урбан дел и рурални подрачја). Динамиката на спроведување ќе се определува согласно потребите. Проценет број на кучиња за заловување во 2025 година изнесува околу 80 кучиња.

## 10. НАДЗОР

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните.

Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Крива Паланка истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство.

По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата ОпштинаКрива Паланка ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

**Бр. 09-6043/43**
**06.12.2024год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**

**Изабела Павловска**

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ: Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р1 425510** | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **1.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници** | **1.1.1.** Заловување на животните<br>**1.2.1.** Транспорт до стационар<br>**1.3.1.**Прием и преглед од овластен ветеринар<br>**1.4.1.**Лабараториско испитување на животните на одредени болести<br>**1.5.1.**Идентификација и водење евиденција | **01.01.2025 – 31.12.2025 година** | **Заловени околу 80 кучиња на територијата на општина Крива Паланка** | **Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина** | **1.000.000,00 денари** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.6.1.**Овариохистеректомија и орхиектомија | | | | |
| | | **1.7.1.**Постоперативно сместување, лекување и нега | | | | |
| | | **1.8.1.**Вакцинација и дехелментација | | | | |
| | | **1.9.1.** Социјализација на животните | | | | |
| | | **1.10.1.** Веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето | | | | |
| | | **1.11.1.** Повик кампања за домување | | | | |
| | | **1.12.1.** Повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени | | | | |
| | | **1.13.1.** Еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината | | | | |